ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 29.05.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Истурена канцеларија во општина Липково



Директорот на Фондот за здравствено осигурување, Џемали Мехази беше во работна посета на истурената канцеларија во општина Липково, при што оствари и средба со градоначалникот на општина Липково, Садулах Дураку.

**Услуги во истурената канцеларија**

ФЗОМ за своите осигуреници и за фирмите ги обезбедува следните 5 процеси, односно 5 услуги, кои се воедно и најфреквентните. Шалтерските услуги кои ФЗОМ ги обезбедува на осигурениците, а кои ќе бидат обезбедени во истурената канцеларија во Липково се следниве:

| *Процес/Услуга* | *Опфат* |
|---|---|
| 1. Пријави - одјави | Сите пријави - одјави на територијата која ја покриваат истурените шалтери. Пријавите и одјавите (ЗО 1 обрасци) во здравствено осигурување ќе може да се остваруваат во овие канцеларии |
| 2. Прием на барање за издавање на ЕЗК | Поднесување на барање за издавање на ЕЗК и проверка на статус на ЕЗК |
| 3. Пререгистрација | Пререгистрација на неосигурани лица |
| 4. Прием на ИЛ обрасци | Пријава/одјава на ИЛ обрасци за сите избрани лекари кои се наоаѓаат на територијата која ја покриваат истурените шалтери |
| 5. Печатење на сини картони | Печатење на сини картони |

Фондот за здравствено осирување на Македонија во општина Липково овозможува за осигурениците од една страна да се растерети гужвата, а од друга страна да се скрати непотребното губење на време **30.000 жители** кои патуваат од наведените локации до најблиската подрачна служба на ФЗОМ за да ги остварат своите права и правата на своите вработени од областа на здравственото осигурување.